Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 11, 19 септември 2008 година

септември 2008
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметот Трудово право и други сродни правни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предмети од областа *граѓанско право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *геологија*, по предметите Палеонтологија и стратиграфија, Геотехнички објекти 1, Рекламација и рекултивација на земјиштето и предметите од Катедрата за геологија и геофизика на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент по предметот Казнено право и други сродни правни дициплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) по предметите Основи на економијата, Применета економија и други сродни наставно -научни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот *„Механизација во градинарството и цвеќарството”,* од проф. д-р Ристе Кукутанов од Земјоделски факултет - Струмица и асс. м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје ........ 21

Издавач
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ГРАЃАНСКО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 21 август 2008 година, донесе Одлука (бр. 1602-86) за формирање на Рецензентската комисија за избор на ***наставник во сите звања*** за наставно-научната област ***граѓанско право*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Рецензентската комисија е составена од: д-р Стеван Алексоски - редовен професор (претседател), д-р Ристо Ристески - редовен професор во пензија (член) и д-р Ванче Стојчев - вонреден професор (член).

На конкурсот, објавен во весникот „Дневник“ на 9 јули 2008 година, за избор на наставник во наставно-научно звање по група предмети од областа ***граѓанско право*** на Правниот факултет се пријави кандидатот д-р Арсе Петрески.

По разгледување на приложените материјали и преземените активности, согласно Законот за високото образование и актите на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот конкурс во весникот „Дневник“, објавен на 9 јули 2008 година, за избор на наставник во наставно-научно звање по група предмети од областа ***граѓанско право*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, се пријави кандидатот **д-р Арсе Петрески,** доктор на социолошки науки, за наставник по група предмети од областа граѓанско право.

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование и член 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека д-р Арсе Петрески - доктор на науки од областа на социолошките науки, навремено достави пријава со потребните документи во рокот утврден во конкурсот.

Од пријавата на кандидатот, што ја проучивме во целост, ја утврдивме следнава состојба:

– сите приложени дипломи, уверенија, сертификати, уверението за државјанство и изводот од матичната книга на родените, се фотокопии кои не се оверени кај нотар;
– кандидатот нема доставено список на трудови и примерок од истите доколку ги има;
– кандидатот нема доставено биографски податоци;
– од Изводот од матичната книга на родените констатираме дека тој е роден на 6 август 1973 година во Скопје, Република Македонија;
– според дипломата (фотокопија - неоверена на нотар), на 21.6.1996 година кандидатот завршува Правен факултет во Скопје;
– според неовереноата потврда (фотокопија), на 6.11.2003 година кандидатот д-р Арсе Петрески магистрира во областа на општествените и правните науки на Правниот факултет на Катедрата за кривично право и криминологија во Нови Сад;
– според дипломата (фотокопија - неоверена на нотар), на 11.9.2005 година кандидатот д-р Арсе Петрески се стекнува со научен степен доктор на социолошки науки на

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, со успех ја одбранува темата *„Ханифискиот мезхеб и социјалниот живот на муслиманите во Република Македонија“*;
- кандидатот има пријавено втор докторат на тема *„Дипломатските односи меѓу Обединетото кралство и Република Македонија од (1991-2001)“* на Институтот за национална историја;
- на 19.10.2001 година, кандидатот го положува правосудниот испит во Скопје;
- на 15.2.2007 година, кандидатот го положува стручниот испит за застапници во постапката за заштита на индустриската сопственост;
- кандидатот има доставено фотокопија од сертификат за познавање на основните програмски јазици;
- кандидатот има доставено фотокопија од сертификат за завршен шести и седми степен од курс по англиски јазик;
- Комисијата констатира дека кандидатот нема доставено податоци за моментално работно ангажирање.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложените материјали, Рецензентската комисија смета дека формално-правно кандидатот д-р Арсе Петрески не ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање по предмети од областа граѓанско право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Имено, Рецензентската комисија разгледувајќи ја наставно-образовната и научно-истражувачката активност на пријавениот кандидат по предметот Граѓанско право, не може да му даде доверба на кандидатот д-р Арсе Петроски кој е доктор на социолошки науки, а неговиот интерес и неговите активности како личност, научник и истражувач се од областа на социологијата и историјата и криминалната политика, што може да се види од неговата магистерска работа, од темата на докторскиот труд *„Ханифискиот мезхеб и социјалниот живот на муслиманите во Република Македонија“,* како и од темата на вториот пријавен докторат на Институтот за национална историја - *„Дипломатските односи меѓу Обединетото кралство и Република Македонија од (1991-2001)“.*

Иако исклучителноста на неговиот интелектуален капацитет е неоспорна, сепак тој нема стекнато компентенции, ниту соодветен образовен профил успешно да се занимава со наставно-научната дејност од областа на граѓанското право, стварното, семејното или наследното право, што како наставно-научни дисциплини се застапени во студиската програма на Правниот факултет во Кочани.

Поради наведените констатации, Рецензентската комисијата смета дека Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, **д-р Арсе Петроски** не може да го избере во ниту едно наставно-научно звање по група предмети од областа **граѓанско право** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Стеван Алексоски - редовен професор, претседател, с.р.**

**Д-р Ванче Стојчев - вонреден професор, член, с.р.**

**Д-р Ристо Ристоски - редовен професор, член, с.р.**